Službeni vesni
Makedonija

СЛУЖ И

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 6 септември 1985

БЕЛГРАД

БРОЈ 46 ГОД. XLI

Цена на овој број е 120 динари. – Претплатата за 1985 година изнесува 3.000 динари – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155: Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

557.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА ЈУГОСЛАВИЈА

Се прогласува Законот за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Југославија, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 28 август 1985 година.

П бр. 463
28 август 1985 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
Радован Влајковиќ, с.р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Илијаз Куртеши, с.р.

ЗАКОН

ЗА ОСНОВИТЕ НА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА ЈУГОСЛАВИЈА

Дел први

ОСНОВИ НА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ПЛАНИРАЊЕ

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Работниците во основните и во други организации на здружен труд и работните луѓе во самоуправните интересни заедници и во другите самоуправни организации и заедници во кои управуваат со работите и средствата на општествената репродукција, и во општествено-политичките заедници, како и граѓаните во месните заедници имаат право и должност да го планираат развојот и самостојно да донесуваат планови за своите организации и заедници.

Член 2

Во планирањето на развојот на организациите на здружен труд и на другите самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките заедници, работниците, другите работни луѓе и граѓаните тргнуваат од научните и стручните сознанија, од дејствувањето на економските законитости, од критериумите на домашниот и странскиот пазар, од условите за вклучување во меѓународната поделба на трудот и од врз нив заснованите оцени за условите и можностите на развојот.

Член 3

Работниците во основните и во други организации на здружен труд и работните луѓе во другите самоуправни организации и заедници имаат право и должност плановите на своите организации и заедници да ги усогласуваат меѓусебно и со општествените планови на општествено-политичките заедници и, врз таа основа, да обезбедуваат усогласување на односите во целината на општествената репродукција и насочување на целокупниот материјален и општествен развој, во согласност со заедничките интереси и цели утврдени врз самоуправни основи.

Член 4

Со планирањето на општествената репродукција работниците и другите работни луѓе во организациите на здружен труд и во другите самоуправни организации и заедници и во општествено-политичките заедници ги утврдуваат општите и заедничките интереси, цели и задачи на развојот и условите за нивно остварување, а особено:

– условите за развој на производните сили на општеството и на социјалистичките самоуправни односи;

– основите за складен и стабилен материјален развој, за развој и примена на научните, техничките и технолошките достигања, за зголемување на вработеноста и зголемување на продуктивноста на својот и вкупниот општествен труд;

– постојаното зголемување на доходот и распоредување на доходот за лична, заедничка и општа потрошувачка, за проширување на материјалната основа на трудот и за резерви;

– условите за економски успешно вклучување во меѓународната поделба на трудот и за унапредување на економските односи со странство;

– условите за рамномерен регионален развој и побрз развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини;

– условите за рационално уредување и користење на просторот согласно со критериумите што се утврдуваат со просторните планови и условите за заштита и унапредувања на животната средина;

– материјалните и други услови за развој на општонародната одбрана и општествената самозаштита.

Со општественото планирање се обезбедува поврзаност на материјалниот, научниот, технолошкиот, културниот и социјалниот развој, уредување на просторот и заштита и унапредување на животната средина, развој на општонародната одбрана и општествената самозаштита и другите видови развој.

Член 5

Работниците во основните и во други организации на здружен труд и работните луѓе во другите самоуправни

организации и заедници и во општествено-политичките заедници, своето право и должност да планираат го остваруваат така што во постапката за донесување на планови, во односите на соработка и меѓусебна зависност и заемна одговорност и солидарност во општествената репродукција, ги усогласуваат и утврдуваат заедничките интереси и целите на развојот со лично изјаснување и со одлучување преку делегати и делегации во органите на управувањето на тие организации и заедници и во собранијата на општествено-политичките заедници, како и со насочување и контрола на работата на органите одговорни за подготвување и остварување на плановите.

Член 6

Работниците во основните организации на здружен труд и работните луѓе во другите самоуправни организации и заедници и во општествено-политичките заедници, во планирањето на развојот на своите организации и заедници, ги утврдуваат и усогласуваат заедничките интереси и цели врз начелата на самоуправното спогодување и договарање и, тргнувајќи од тоа, ги утврдуваат и ги донесуваат плановите за развој на своите организации и заедници.

Член 7

Во општественото планирање се применуваат начелото на истовременоста на планирањето и начелото на континуитетот на планирањето.

Под начелото на истовременоста на планирањето се подразбира истовремено подготвување на плановите, усогласување на плановите во односите на меѓусебна зависност, утврдување на заедничките интереси и цели и донесување на плановите на организациите на здружен труд, на другите самоуправни организации и заедници и плановите на општествено-политичките заедници.

Под начелото на континуитетот на планирањето се подразбира обврската на организациите на здружен труд, на другите самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките заедници постојано да имаат планови за соодветен период, да преземаат мерки за нивно остварување, по потреба да ги приспособуваат плановите кон променетите услови и навреме да ги подготвуваат плановите за наредниот период.

Член 8

Право и должност да донесуваат планови имаат: основната организација на здружен труд, работната организација, сложената организација на здружен труд и заедницата на организациите на здружен труд; месната заедница; самоуправната интересна заедница; банката и друга финансиска организација, заедницата за осигурување на имоти и лица; договорната организација на здружен труд, земјоделската и друга задруга и другите форми на здружување на земјоделците; федерацијата, републиката, автономната покраина и општината, како и градските и рагионалните заедници (во натамошниот текст: субјекти на планирањето).

Член 9

Субјектите на планирањето донесуваат среднорочни планови на општествено-економскиот развој и годишни плански акти за нивно остварување.

Среднорочниот план е основен план на општествено-економскиот развој и се донесува, по правило, за период од пет години.

Член 10

Со годишниот плански акт за остварување на среднорочниот план, тргнувајќи од условите и можностите за развој, се утврдува динамиката на остварувањето на целите и задачите предвидени со среднорочниот план, се определуваат мерките и активностите и, врз таа основа, се утврдуваат задачите на органите и на другите носители на обврските во остварувањето на планот во таа година.

Член 11

Долгорочни планови донесуваат: федерацијата, републиките и автономните покраини и организациите на здружен труд во определени дејности во кои циклусот на развојот е подолг од периодот на среднорочниот план, а другите општествено-политички заедници и самоуправните организации и заедници кога е тоа определено со закон.

Со долгорочниот план се утврдуваат целите и општата ориентација на развојот на стопанството и општеството, научниот и технолошкиот развој и вклучувањето во меѓународната поделба на трудот, промените во структурата на производните сили на општеството, регионалниот развој, уредувањето на просторот и натамошниот развој на социјалистичките самоуправни односи.

Долгорочниот план се заснова врз истражувањата на долгорочниот материјален и општествен развој.

Долгорочниот план е општа ориентација за донесување на среднорочните планови.

Долгорочниот план се донесува за период од десет години или за подолг период.

Член 12

Организациите на здружен труд можат да донесуваат заеднички програми за развој на своите дејности и на производството (во натамошниот текст: заеднички програми за развој).

Организациите на здружен труд спогодбено ги утврдуваат меѓусебните права и обврски во остварувањето на заедничките програми за развој.

Заедничките програми за развој можат да се донесуваат за период пократок или подолг од периодот за кој се донесува среднорочниот план.

Заедничките програми за развој служат како основа за плановите на организациите на здружен труд што такви програми донеле, за општествениот план на Југославија, за општествените планови на републиките и за општествените планови на автономните покраини.

Член 13

Собранието на СФРЈ го утврдува периодот за кој се донесуваат среднорочните и долгорочните планови и роковите за подготвување и донесување на тие планови.

Одлука за подготвување на планот на самоуправната организација и заедница донесува органот на управувањето, а одлука за подготвување на планот на општествено-политичката заедница донесува собранието на општествено-политичката заедница, во согласност со роковите што ги утврдило Собранието на СФРЈ.

Член 14

Собранието на СФРЈ ги донесува насоките за подготвување на среднорочните планови, а можат да ги донесуваат и собранијата на други општествено-политички заедници, во согласност со овој закон.

Насоките за подготвување на среднорочните планови претставуваат основа за утврдување на целите и задачите на развојот на субјектите на планирањето и за подготвување и донесување на плановите на самоуправните организации и заедници и плановите на општествено-политичките заедници.

Насоките за подготвување на среднорочните планови се донесуваат најдоцна една година пред истекот на текуштиот среднорочен план.

Член 15

Собранието на СФРЈ, на предлог од Сојузниот извршен совет, донесува насоки за подготвување на среднорочните планови со кои за тој период се утврдуваат особено:

– основните цели на социјалистичкиот самоуправен општествено-економски развој;
– општите материјални рамки и основните пропорции на материјалниот развој;
– основните правци на материјалниот и општествениот развој и промените во структурата на производните сили и на производството;
– основите на стратегијата на научниот и технолошкиот развој;
– основните правци на развојот на вработеноста и вработувањето;
– основите на стратегијата на развојот на економските односи со странство и вклучувањето во меѓународната поделба на трудот;
– основните цели на регионалниот развој и на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини;
– основните правци на заштитата и унапредувањето на животната средина;
– основните цели на развојот на општонародната одбрана и општествената самозаштита.

Член 16

Кога собранијата на републиките, на автономните покраини и на други општествено-политички заедници ги донесуваат насоките за подготвување на плановите, тргнуваат од насоките на Собранието на СФРЈ за подготвување на среднорочните планови.

Член 17

Органот на управувањето и друг овластен орган на самоуправната организација и заедница и надлежниот орган на општествено-политичката заедница обезбедуваат научни и стручни истражувања на условите и можностите за развој и изработка на аналитичко-документационите основи за подготвување на планот на самоуправната организација и заедница и на планот на општествено-политичката заедница.

Органот односно организацијата надлежна за работите на планирањето во општествено-политичката заедница, стручната служба во самоуправната организација и заедница и научната организација на која ѝ е доверено истражувањето во врска со планирањето, се одговорни за стучната односно научната заснованост на проценитe и за реалноста на предлозите што ги поднесуваат.

Член 18

Во рамките на стопанските комори и на други оптши здруженија, организациите на здружен труд ја организираат работата и активностите со кои во постапката на планирање, врз начелата на самоуправно спогодување и општествено договарање, се усогласуваат посебните, заедничките и општите општествени интереси и, заради тоа:
– даваат иницијативи и организираат меѓусебно поврзување во подготвувањето на заедничките програми за развој, на заедничките планови и на другите планови на самоуправните организации и заедници и на општествените планови и даваат иницијатива за склучување на самоуправни спогодби и општествени договори, а особено за остварување на заедничките програми за развој, поврзување заради усогласување на интересите за унапредување и развој на производството, технологијата и економските односи со странство;
– ги оценуваат условите и можностите за развој и преземаат мерки и активности за остварување на плановите.

Член 19

Стопанската комора на Југославија го поттикнува и организира подготвувањето на заедничките програми за развој што се од суштествено значење за усогласениот развој на стопанството на земјата, како и склучувањето на самоуправните спогодби со кои организациите на здружен труд мегусебно преземаат обврски во остварувањето на заедничките програми за развој.

Член 20

Синдикатот учествува во општественото планирање со поведување иницијатива за самоуправно спогодување и договарање за усогласувањето на посебните заеднички и општи општествени интереси, посебно врз прашањата од стекнувањето и распределбата на доходот, социјалната сигурност и животниот стандард на работниците.

Член 21

Заради обезбедување на основното методолошко единство во процесот на планирањето и примена на начелото на истовремено и континуирано планирање, Сојузниот извршен совет ги утврдува задолжителните елементи на единствената методологија на општественото планирање.

Со општествениот систем за информирање, врз основа на единствене методологија, се обезбедуваат сите податоци и информации за планирањето и следењето на остварувањето на плановите на сите субјекти на планирањето.

Сојузната организација надлежна за работите на статистиката и сојузната организација надлежна за работите на планирањето, во рамките на својот делокруг на работа, а по прибавено мислење од Службата на општественото книговодство, ја пропишуваат методологијата од став 2 на овој член.

II. ПЛАНИРАЊЕ ВО САМОУПРАВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ

Член 22

Плановите на основните организации на здружен труд, на работните организации, на сложените организации на здружен труд и на другите самоуправни организации и заедници се засноваат врз:
– оценетите можности и услови за развој;
– заедничките основи за подготвување на среднорочните планови на основните организации, на работните организации и на сложените организации на здружен труд;
– меѓусебните обврски и правата утврдени со самоуправните спогодби за здружување во самоуправни организации и заедници;
– меѓусебните обврски и права утврдени со самоуправните спогодби за другите форми на здружување на труд и средства;
– заедничките програми за развој и самоуправните спогодби со кои организациите на здружен труд презеле меѓусебни обврски во остварувањето на тие програми.

Плановите на самоуправните организации и заедници се засноваат и врз општествените договори што тие ги склучиле или кон кои пристапиле.

Член 23

Постојаното зголемување на доходот врз основа на растежот на производството, извозот и продуктивноста на трудот, во услови на дејствување на економските законитости и пазарот, се основен економски мотив на стопанисувањето и материјалната основа за развој на социјалистичките самоуправни општествено-економски односи.

Член 24

Заедничките основи за подготвување на среднорочните планови се утврдуваат како единствен акт за планот на работната организација и за плановите на основните организации на здружен труд во нејзиниот состав.

Со самоуправната спогодба за здружување во сложена организација на здружен труд може да се уреди заедничките основи за подготвување на среднорочните планови да се донесуваат како единствен акт за планот на сложената организација на здружен труд, за плановите на

работните организации и на основните организации на здружен труд во нивниот состав.

Член 25

Предлогот на заедничките основи за подготвување на среднорочните планови на основните организации на здружен труд и на среднорочниот план на работната организација ги утврдува работничкиот совет на работната организација.

Предлогот на заедничките основи од член 24 на овој закон го утврдува работничкиот совет на сложената организација на здружен труд.

Предлогот на заедничките основи за подготвување на среднорочните планови на основните организации на здружен труд и на среднорочниот план на работната организација, работничкиот совет на работната организација го утврдува по претходно разгледување од страна на работничките совети на основните организации.

Кога работничкиот совет на сложената организација на здружен труд го утврдува предлогот на заедничките основи за подготвување на среднорочните планови, се применуваат одредбите на овој закон за утврдување и донесување на заедничките основи за подготвување на среднорочните планови на работната организација и на плановите на основните организации на здружен труд во нејзиниот состав.

Член 26

Заедничките основи за подготвување на среднорочните планови ги опфаќаат условите и можностите за зголемување на доходот, целите и задачите на деловната и развојната политика со кои се остварува тој растеж, меѓусебните обврски и начинот на нивното остварување.

Со заедничките основи од став 1 на овој член задолжително се утврдуваат:

– условите за зголемување на доходот врз основа на поефикасното и рационалното користење и управување со општествените средства, намалување на трошоците, за зголемување на производството и продуктивноста на трудот, за примена на нова технологија, продуктивно вработување и за освојување на ново производство и приспособување кон условите на пазарот;

– односите во стекнувањето на доходот;

– односите во распоредувањето на доходот и на чистиот доход за лични доходи и заедничка потрошувачка и за унапредување и проширување на материјалната основа на трудот и за резерви, тргнувајќи од показателите на доходот по работник, доходот според ангажираните средства, бруто-личниот доход по работник, акумулацијата според ангажираните средстава и нивната меѓузависност;

– условите за јакнење на материјалната основа на трудот и за здружување на средства;

– условите за заштита на животната средина;

– рамките и можностите за задоволување на заедничките потреби и за развој на општествените дејности, како и за задоволување на општите општествени потреби.

Член 27

Работоводниот орган на работната организација и работоводниот орган на сложената организација, во соработка со соодветните органи на основните организации на здружен труд во состав на работната организација односно на работните организации во состав на сложената организација на здружен труд, го подготвува предлогот на заедничките основи за подготвување на среднорочните планови на тие организации и го поднесува до работничкиот совет на работната организација односно до работничкиот совет на сложената организација на здружен труд.

Работоводниот орган е одговорен за стручната заснованост и за реалноста на предлогот на заедничките основи за подготвување на среднорочните планови, што му го предлага на работничкиот совет.

Член 28

Работничкиот совет на работната организација е должен, пред утврдувањето на предлогот на заедничките основи за подготвување на среднорочните планови, да обезбеди претходна расправа во основните организации на здружен труд.

Член 29

Работниците во основните организации на здружен труд со лично изјаснување одлучуваат за заедничките основи за подготвување на среднорочните планови.

Заедничките основи за подготвување на среднорочните планови се усвоени ако за нив се изјаснат мнозинството работници во секоја основна организација на здружен труд во составот на работната организација.

Во основните организации на здружен труд во кои не е прифатен предлогот на заедничките основи за подготвување на среднорочните планови, постапката за изјаснување ќе се повтори.

Ако ни во повторената постапка во тие основни организации на здружен труд не биде усвоен предлогот на заедничките основи за подготвување на среднорочните планови, а тој предлог го усвојат две третини во вкупниот број работници на сите основни организации на здружен труд, работничкиот совет на работната организација може да одлучи да пристапи кон подготвување и донесување на планот на работната организација.

Член 30

Основната организација на здружен труд што не ги прифатила заедничките основи за подготвување на среднорочните планови е должна своите обврски во поглед на остварувањето на здничкиот развој утврден во планот на работната организација да ги остварува во согласност со самоуправната спогодба за здружување во работна организација.

Ако поради неприфаќање на заедничките основи за подготвување на среднорочните планови основната организација на здружен труд го загрозува остварувањето на определени интереси и цели на развојот на работната организација како целина или рамноправноста на работниците во работата и во остварувањето на доходот, ќе се смета дека ги оштетила општествените интереси и против неа ќе се поведе постапка за преземање мерки на општествена заштита на самоуправните права и на општествената сопственост.

За случајот од став 2 на овој член, работничкиот совет на работната организација го известува собранието на општествено-политичката заедница.

Собранието на општествено-политичката заедница, во рамките на своите права и должности презема, кога ќе оцени дека се исполнети условите од став 2 на овој член, мерки на општествена заштита на самоуправните права и на општествената сопственост во согласност со законот.

Член 31

Во работната организација која во својот состав нема основни организации на здружен труд, предлогот на заедничките основи за подготвување на планот го утврдува работничкиот совет на работната организација.

Заедничките основи за подготвување на среднорочниот план од став 1 на овој член се усвоени ако за нив се изјасни мнозинство на работниците.

Член 32

Работничкиот совет на основната организација на здружен труд, на работната организација односно на сложената организација на здружен труд го утврдува предлогот на планот во согласност со усвоените заеднички основи за подготвување на среднорочните планови и за тој предлог обезбедува претходно изјаснување на работниците во основните организации на здружен труд.

Работничкиот совет или нему по положба и функција соодветен орган на управувањето, го донесува планот по спроведената постапка од став 1 на овој член.

Член 33

Организациите на здружен труд здружени во Заедницата на југословенските железници, заедницата на југословенските пошти, телефони и телеграфи и Заедницата на југословенското електростопанство и други организации на здружен труд кои сочинуваат технолошки единствени системи и врз таа основа економски единствен и рационален систем во одделни области заснован врз единството на општествено-економските односи, а кои, врз основа на закон, се здружени во заедници, донесуваат заеднички планови.

Собранието на заедницата односно нему соодветен орган на управувањето го донесува заедничкиот план на начинот утврден со статутот на заедницата.

Член 34

Со заедничкиот план на организациите на здружен труд здружени во Заедницата на југословенските железници се утврдуваат, особено:

– заедничките цели, задачи и приоритети на развојот на железничкиот сообраќај вклучен во меѓународниот систем на железнички сообраќај;

– развојот и унапредувањето на општествено-економските односи и рационалната организација заради зголемување на безбедноста, подобрување на квалитетот на услугите и намалување на трошоците односно зголемување на вкупната ефикасност на југословенските железници;

– зголемувањето на обемот и квалитетот на превозот врз основа на рационална поделба на трудот со другите видови сообраќај, унапредување на организацијата на работата и работењето и зголемување на доходот и на девизниот прилив;

– самоуправното здружување на средства и начинот на обезбедување други извори на средства за модернизација на железницата, зголемување на бројот и капацитетот на превозните средства, изградба на современи пруги и воведување современа техника и технологија;

– задачите и меѓусебните обврски за истражување и развој на железничкиот систем и за примена на научните и техничките достигања и избор на технолошки современи и економски рационални капацитети.

Член 35

Со заедничкиот план на организациите на здружен труд здружени во Заедницата на југословенските ПТТ се утврдуваат, особено:

– заедничките цели, задачи и приоритети на развојот на ПТТ сообраќај како просторно единствен систем вклучен во меѓународниот систем на поштите и телекомуникациите;

– развојот и унапредувањето на општествено-економските односи и рационалната организација заради зголемување на брзината и сигурноста на преносот на пратки и пораки и намалување на трошоците односно подобрување на квалитетот и ефикасноста на функционирањето на ПТТ систем;

– зголемувањето на обемот и квалитетот на ПТТ услуги и развивање на единствена телекомуникациона и информациона мрежа, унапредување на организацијата на работата и работењето, зголемувањето на меѓународните транзитни услуги и зголемување на доходот;

– самоуправното здружување на средства и начинот на обезбедување други извори на средства за модернизација на постојните и изградба на нови ПТТ капацитети и транзитна магистрална мрежа и воведување современа информатика и друга техника и технологија;

– задачите и меѓусебните обврски за истражување и развој на ПТТ систем и за примена на научните и техничките достигања и избор на технолошки современи и економски рационални капацитети.

Член 36

Со заедничкиот план на организациите на здружен труд здружени во Заедницата на југословенското електростопанство се утврдуваат, особено:

– заедничките цели и задачи во развојот на електростопанството и усогласување на неговиот развој со потребите на стопанството и на општеството;

– развојот на општествено-економските односи и унапредувањето на организацијата заради рационално функционирање на електростопанството како единствен техничко-технолошки систем;

– зголемувањето и усогласувањето на производството и потрошувачката на електрична енергија врз основа на развојот и користењето на домашните енергетски извори и рационализација на производството и потрошувачката на електрична енергија;

– изборот на економски рационални нови капацитети за производство на електрична енергија;

– самоуправното здружување на средства и начинот на обезбедување други извори на средства за изградба на објекти за производство и пренос на електрична енергија;

– задачите и меѓусебните обврски за истражување и развој на конвенционалните и неконвенционалните видови енергија и рационализацијата на производството и потрошувачката.

Член 37

Собранието на СФРЈ може да утврди дека определени организации на здружен труд, што претставуваат репродукционо зависни целини, се должни да донесат заеднички планови заради усогласен развој на стопанството како целина и кога е тоа неопходно за општествената репродукција.

Член 38

Заеднички план донесуваат организациите на здружен труд што со закон или врз закон заснована одлука на собранијата на општествено-политичките заедници задолжително се здружени во заедници во кои, во општ интерес, се обезбедува единство на системот на работата во определени области.

Заедничкиот план од став 1 на овој член го донесува органот на управувањето на заедницата на начин утврден со статутот на заедницата, во согласност со законот.

Член 39

Со планот на самоуправната интересна заедница во областа на материјалното производство се утврдуваат, особено:

– обемот и квалитетот на производите и услугите односно на задоволувањето на определени потреби и потребниот износ на средства за вршење на тие услуги односно задоволување на потребите;

– проширувањето на материјалната основа на трудот на организациите на здружен труд во тие дејности и начинот на обезбедувањето средства.

Член 40

Организациите на здружен труд во општествените дејности донесуваат планови во согласност со заедничките интереси, потреби и можности што, заедно со корисниците на нивните услуги, ги утврдуваат во рамките на самоуправните интересни заедници.

Давателите и корисниците на услуги, во постапката на подготвување и донесување на плановите, ги утврдуваат особено:

–обемот и квалитетот на услугите и средствата за вршење на тие услуги;

– проширувањето на материјалната основа на трудот на организациите на здружен труд во општествените дејности и начинот на обезбедување на тие средства.

Член 41

Со плановите на самоуправните интересни заедници што се основаат заради обезбедување на социјална сигурност се утврдуваат дејностите, потребниот износ на средства и начинот на обезбедување средства за правата на корисниците што се остваруваат во нив.

Член 42

Планот на самоуправната интересна заедница се подготвува и се донесува на начинот утврден со самоуправната спогодба за здружување во самоуправна интересна заедница и со статутот на заедницата, во согласност со законот.

Член 43

Организациите на здружен труд и самоуправните интересни заедници за кои со закон или врз закон заснована одлука на собранието на општествено-политичката заедница е утврдено дека вршат дејности или работи од посебен општествен интерес, го донесуваат планот на начинот на кој, во согласност со законот, се обезбедува остварување на посебниот општествен интерес.

Член 44

Со планот на месната заедница се утврдуваат целите и задачите од заеднички интерес за работните луѓе и граѓаните, меѓусебните обврски и средствата за задоволување на заедничките потреби, како и начинот на обезбедување на тие средства.

Во постапката на подготвување на планот органот одговорен за подготвување на планот на месната заедница соработува со организациите на здружен труд, со самоуправните интересни заедници и со другите самоуправни организации и заедници што имаат интерес односно должност да учествуваат во задоволувањето на заедничките интереси и потреби на работните луѓе и граѓаните.

Со статутот на месната заедница, во согласност со законот, се утврдува начинот на донесување на планот на месната заедница.

Член 45

Со планот на банката и на друга финансиска организација, тргнувајќи од економските критериуми за ангажирање на парични средства, се утврдуваат особено:

– обемот на здружувањето и собирањето на парични средства за вршење и проширување на дејноста на организациите на здружен труд;

– наменската структура на ангажирањето на парични средства;

– условите, критериумите и приоритетите за ангажирање на парични средства;

– условите за заедничко ангажирање на парични средства со други банки за финансирање на големите инвестициони програми и на заедничките програми за развој на организациите на здружен труд;

– зголемувањето на заедничкиот доход и неговата распределба и условите за користење на заедничките резерви.

Со планот на заедницата за осигурување на имоти и лица се утврдува особено политиката на:

– премиите на осигурувањето;

– отстранувањето на причините што предизвикуваат штети и ангажирањето средства за тие намени;

– користењето на слободните средства на осигурувањето.

Плановите на банката, на заедницата на осигурување на имоти и лица и на друга финансиска организација ги донесуваат собранијата на тие заедници и организации, на начинот утврден со статутот на тие организации и заедници, во согласност со законот.

III. планирање во општествено–политичките заедници

Член 46

Општествено–политичката заедница со општествениот план ја утврдува заедничката политика на стопанскиот и општествениот развој и насоките и рамките за донесување мерки на економската политика и други мерки со кои се обезбедуваат услови за остварувањето на тој план.

Член 47

Планот на општествено–политичката заедница се заснова врз:

– заеднички оценетите можности и услови за развој и заедничките интереси и цели на стопанскиот и општествениот развој што се утврдени во постапката на подготвување и донесување на планот;

– долгорочниот план;

– плановите на организациите на здружен труд и на другите самоуправни организации и заедници;

– заедничките програми за развој што ги донесуваат организациите на здружен труд;

– општествените договори и договорите што ги склучила или кон кои пристапила.

Во подготвувањето и донесувањето на планот на општествено–политичката заедница се тргнува и од заедничките основи за подготвување на среднорочните планови на основните организации на здружен труд, на работната организација и на сложената организација на здружен труд.

Член 48

Со општествениот план на републиката и со општествениот план на автономната покраина се утврдуваат заедничките интереси, цели и задачи на стопанскиот и општествениот развој кои се однесуваат особено на:

– создавањето услови за развој на социјалистичките самоуправни односи развој на призводните сили, зголемување на производноста на трудот и доходот, зголемување на вработеноста, унапредување на здравствените, културните, образовните, социјалните и други услови за живот и работа, заштита на животната средина и јакнење на одбранбената способност и општествената самозаштита;

– создавањето на услови за здружување на труд и средства на единственото југословенско стопанско подрачје заради зголемување на призводството и доходот, унапредување на науката и технологијата, поголемо и економски поуспешно вклучување во меѓународната поделба на трудот и порационално користење на природните извори;

– односите во формирањето на општествениот производ и доходот и односите во нивната распределба;

– усогласувањето и насочувњето на регионалниот и просторниот развој;

– создавањето услови за развој на општествените дејности;

– создавањето услови за зачувување на природните и со труд создадените вредности на човековата средина;

– народната одбрана и општествената самозаштита.

Со општествениот план на републиката и со општествениот план на автономната покраина се утврдуваат и насоките и рамките за донесување мерки на економската политика и други мерки што органите во републиката односно во автономната покраина, во согласност со своите права и должности утврдени со уставот, ги донесуваат заради обезбедување услови за остварување на тие планови.

Општествениот план на републиката и општествениот план на автономната покраина содржи и обврски за остварување на заедничките интреси и цели утврдени во општествениот план на Југославија.

Заедничките интереси и цели и на стопанскиот и општествениот развој во општествениот план на Социјалистичка Република Србија, во смисла на ст. 1 и 2 од овој член, се утврдуваат во согласност со член 4 од Уставот на СФРЈ.

Член 49

Со општествениот план на општината, и задачи се утврдуваат заедничките интереси, цели и задачи на стопанскиот и општествениот развој што се однесуваат особено на:

– создавањето и обезбедувањето услови за живот и работа и за задоволување на материјалните, социјалните, културните, образовните, здравствените и други заеднички потреби на работните луѓе и граѓаните во општината;

– насочувањето на развојот на комуналните дејности, малото стопанство, земјоделството, станбената изградба и другите дејности од непосреден интерес за работните луѓе и граѓаните во општината;

– создавањето услови за зголемување на вработеноста;

– просторното и урбанистичкото уредување и искористувањето на земјиштето и на благата во општа употреба;

– заштитата и унапредувањето на животната средина;

– народната одбрана и општествената самозаштита.

Со општествениот план на општината се утврдуваат и насоките и рамките за донесување мерки на економската политика и други мерки што органите на општината, во согласност со своите права и должности, утврдени со уставот и статутот, ги донесуваат заради обезбедување услови за остварување на тој план.

Општествениот план на општината содржи и обврски кои се однесуваат на остварувањето на заедничките интреси и цели утврдени со општествените планови на пошироките општествено–политички заедници.

Член 50

Општествено–политичките заедници, во рамките на своите права и должности, донесуваат просторни планови.

Просторните планови ги опфаќаат особено: уредувањето, организацијата и користењето на просторот; намената на користењето и амелиорацијата на земјиштето; употребата на водата, заштитата на водата од загадување и заштитата од штетното дејство на водите; заштитата на воздухот; рационалната изградба на објекти и мрежа на инфраструктурата; основите за разместување на објектите на стопанските и општествените дејности и изградбата на индустриски и станбени целини; уредувањето на подрачјата со посебна намена; заштитата и користењето на културните блага, како и заштитата и унапредувањето на животната средина.

Член 51

Органот одговорен за подготвување на планот на општествено–политичката заедница е должен да го известува собранието на општествено–политичката заедница за текот на подготовката на општествениот план и за прашањата од суштествено значење за утврдување на заедничките интереси и цели на стопанскиот и општествениот развој што треба да се остварат во периодот за кој се донесува општествениот план.

IV. Остварување на плановите

Член 52

Органите на управувањето на организациите на здружен труд и на други самоуправни организации и заедници, нивните извршни органи и работоводните органи на организациите на здружен труд се одговорни за навремено преземање на мерки заради остварување на плановите на своите организации и заедници и за остварување на општите цели и задачи утврдени со општествените планови на општествено–политичките заедници.

Органите на општествено–политичките заедници се одговорни со прописите и мерките што ги донесуваат заради остварување на општествените планови, навремено да обезбедат општи услови со кои ќе овозможат организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници, на домашниот и странскиот пазар, што поуспешно да ги остваруваат своите развојни цели и задачи.

Член 53

Работоводниот орган на организацијата на здружен труд, извршниот орган во друга самоуправна организација и заедница и извршниот орган на собранието на општествено–политичката заедница се должни, најмалку еднаш годишно, да го известуваат органот на управувањето односно собранието на општтествено–политичката заедница за резултатите од остварувањето на планот, како и за мерките што ги презеле или што имаат намера да ги преземат односно да му ги предложат на органот на управувањето односно на собранието.

Со самоуправниот општ акт на самоуправната организација и заедница се утврдуваат роковите и начинот на известување на работниците и на другите работни луѓе за остварувањето на плановите на самоуправните организации и заедници и за мерките што органот на управувањето и работоводниот орган ги презеле за нивно остварување.

Член 54

Самоуправните организации и заедници и општествено–политичките заедници се должни меѓусебните обврски, што спогодбено ги утврдиле заради остварување на заедничките интереси и цели утврдени со планот, навремено и уредно да ги извршуваат и, за времето за кое е утврден планот, не можат едностранo да ги раскинуваат односно да ги менуваат.

Во поглед на остварувањето на правата и извршувањето на материјалните обврски преземени во постапката за донесување и остварување на плановите, како и во поглед на надоместот на штета поради неизвршувањето на таквите обврски, се применуваат општите прописи за одговорноста за неизвршување на такви обврски.

Член 55

Органите на управувањето и другите органи во самоуправните организации и заедници и надлежните органи во општесветно–политичките заедници се должни редовно да го следат, анализираат и оценуваат остварувањето на плановите.

Ако се стекнат услови за измена на планот, надлежните органи од став 1 на овој член ќе поведат постапка за негова измена.

Измени на планот се вршат по постапката што е предвидена за неговото донесување.

Член 56

Субјектите на планирањето можат да склучуваат самоуправни спогодби, општествени договори и договори заради остварување на одделни заеднички интереси и цели утврдени со плановите.

Дел втори

ОПШТЕСТВЕН ПЛАН НА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 57

Со општествениот план на Југославија се утврдуваат заедничките интереси и цели на стопанскиот и општествениот развој и структурните промени во стопанството за нивно остварување, што се однесуваат на: усогласеноста на материјалните односи во општествената репродукција ; обезбедувањето услови за складни односи на единствениот југословенски пазар; економски успешното вклучување на југословенското стопанство во меѓународната поделба

на трудот; научниот и технолошкиот развој; поцелосното користење на можностите за развој на производните сили на општеството и за зголемување на продуктивноста на вкупниот општествен труд; унапредувањето на условите за живот и работа, зголемувањето на вработеноста и на животниот стандард; остварувањето на уставните обврски на федерацијата во поглед на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини; развој на Југословенската народна армија и остварувањето на другите заеднички интереси и цели во областа на општонародната одбрана и општествената самозаштита и унапредувањето и заштитата на животната средина од интерес за целата земја и за меѓународната заедница.

Со општествениот план на Југославија се утврдуваат и други интереси и цели за кои републиките и автономните покраини посебно ќе се договорат.

Со општествениот план на Југославија се утврдуваат и насоките и рамките за донесување мерки на економската политика и други мерки што, во согласност со своите права и должности, ги донесуваат органите на федерацијата односно органите на републиките и на автономните покраини.

Член 58

Со општествениот план на Југославија се утврдуваат и условите и мерките за остварување на заедничките програми за развој и на заедничките планови на основните организации на здружен труд, како и на плановите на други организации на здружен труд значајни за складен стопански развој на земјата.

Со општествениот план на Југославија, врз основа на заеднички утврдените интереси и цели на развојот, се утврдуваат условите и мерките за остварување на определени задачи неопходни за развој на општествената репродукција и структурни промени во стопанството, како и начинот на обезбедување средства за нивно остварување.

Член 59

Собранието на СФРЈ, на предлог од Сојузниот извршен совет, го утврдува рокот за поднесување нацрт односно предлог на општествениот план на Југославија.

Член 60

Сојузниот извршен совет го известува Собранието на СФРЈ за текот на подготвувањето на општествениот план на Југославија и за прашањата значајни за утврдување на заедничката развојна и економска политика.

Член 61

Сојузниот извршен совет го известува Собранието на СФРЈ за остварувањето на општествениот план на Југославија и за мерките што, во рамките на своите права и должности, ги презел или има намера да ги преземе, како и за мерките што заради остварувањето на целите и задачите утврдени со општествениот план на Југославија ги преземаат надлежните органи на републиките и надлежните органи на автономните покраини.

Член 62

Собранието на СФРЈ донесува резолуција за политиката на остварувањето на општествениот план на Југославија во наредната година (во понатамошниот текст: резолуција).

Со резолуцијата се утврдуваат задачите во остварувањето на политиката на општествено-економскиот развој и мерките на економската политика за остварување на среднорочниот план во таа година и се усогласува остварувањето на целите и задачите на планот со можностите и условите за развој, во соласност со политиката на општествено-економскиот развој утврдена со општествениот план на Југославија.

Истовремено со резолуцијата се донесуваат и соодветни акти за одделни области на економската политика согласно со сојузен закон.

Член 63

Сојузниот извршен совет, до крајот на октомври секоја година, подготвува и на Собранието на СФРЈ му поднесува извештај за остварување на општествениот план на Југославија во текуштата година и нацрт на резолуцијата за наредната година.

Член 64

Одредбите на чл. 1 до 21 и на чл. 46 до 56 од овој закон се применуваат и врз општествениот план на Југославија, ако со одредбите на чл. 57 до 63 од овој закон не е поинаку определено.

Дел трети

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 65

Одредбите на овој закон ќе се применуваат на донесувањето на плановите за периодот од 1986 до 1990 година, освен одредбите на член 14.

Одлуката за основните насоки на општествено-економскиот развој и за рамките на економската политика на Југославија за периодот од 1986 до 1990 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/84) сходно се применува врз донесувањето на плановите за периодот од 1986 до 1990 година.

Член 66

Сојузниот извршен совет ќе ги пропише, во согласност со член 21 став 1 на овој закон, задолжителните елементи на единствената методологија на општественото планирање, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Сојузниот завод за општествено планирање ќе го пропише минимумот на основни показатели за планирање и следење на остварувањето на плановите од член 21 на овој закон во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 67

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/76, 66/80 и 41/83), Одлуката за задолжителната единствена методологија и минимумот на задолжителни единствени показатели потребни за подготвување, донесување и остварување на плановите на самоуправните организации и заедници и на плановите на општествено-политичките заедници („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/84), Одлуката за задолжителната единствена методологија и за минимумот задолжителни единствени показатели потребни за подготвување, донесување и остварување на деловите од среднорочните планови за создавање на материјални и други услови за остварување и развој на општонародната одбрана и општествената самозаштита („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/80), Упатството за искажување на задачите и обврските од деловите на среднорочните планови за создавање на материјални и други услови за остварување и развој на општонародната одбрана и општествената самозаштита („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/80) Упатството за применување на минимумот задолжителни единствени показатели („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/79) и Упатството за изработка на задолжителни аналитичко-проекциони биланси („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/80).

Член 68

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

558.

Врз основа на член 10 од Законот за амортизација на општествените средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/84 и 7/85), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ КОИ ПРЕДМЕТИ СЕ СМЕТААТ КАКО СИТЕН ИНВЕНТАР И ЗА НАЧИНОТ НА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА СИТНИОТ ИНВЕНТАР

1. Како ситен инвентар, во смисла на оваа одлука, се сметаат предмети на инвентар чијшто век на траење е пократок од една година и предмети на инвентар чијшто век на траење е подолг од една година, ако нивната поединечна набавна цена, во времето на набавката е помала од 80.000 динари.

За предмети на инвентар што се прибавени со купување, поединачната набавна цена се определува според износот на купопродажната цена означена во фактурата, односно во друга исправа на добавувачот врз основа на која предметот е набавен. За предмети на инвентар прибавени со изработка во сопствена режија, односно со употреба на сопствени производи и стоки, како и предмети на инвентар прибавени со пренос без надомест или со делумен надомест, како набавна цена, во смисла на оваа одлука се смета цената што корисникот на општествени средства ја утврдил со процена, а според пазарните цени на истите, односно на слични предмети на инвентар во времето кога е извршено прибавувањето на предметите со изработка во сопствена режија, односно со употреба на сопствени производи и стоки или со пренос без надомест.

2. Без оглед на износот на поединечната набавна цена во времето на набавката како ситен инвентар не се сметаат следните предмети на инвентар чијшто век на треање е подолг од една година, и тоа:

1) предмети на погонски, канцелариски, собен, ресторански, трговски, сообраќаен, здравствен, школски и друг мебел;

2) предмети на инвентар што претставуваат ликовни, вајарски или други уметнички дела и премети на инвентар што се од музејска вредност;

3) уреди и постројки за загревање, вентилација и одржување на канцелариски и други простории;

4) предмети на инвентар изработени од злато, сребро и други скапоцени метали, вклучувајќи ги и предметите на инвентарот за чија изработка скапоцениот метал е користен заради дотерување на надворешниот изглед или за изработка на одделни делови;

5) радио и телевизиски уреди и радио и телевизиски приемници, телефонски и телеграфски централи и телефонски гарнитури со припаѓачки уреди и прибор, како и мегнетофони, касетофони, диктафони и музички уреди, музички инструменти и музички апарати;

6) шпорети, котли, казани, пултови, фрижидери и други разладни уреди и апарати за оставање и чување (држење) на храна, напивки и пијачки;

7) постројки, машини и уреди за перење и сушење на рубелина и постелина, како и постројки, машини и уреди за перење и сушење на садови;

8) електрични и електронски машини за пишување и електрични книговодствени (сметководствени машини) како и предмети на инвентар што служат како опрема за снимање и умножување на канцелариски или друг пишуван, печатен или цртан материјал;

9) електрични и електронски медицински уреди, инструменти и апарати, електронски, школски учила и електронска опрема за работа во лаборатории;

10) специјални и универзални алати со сопствен погон, како и мерни и контролни апарати, уреди и инструменти со сопствен погон;

11) ќилими и теписи.

3. Предмети на инвентар распоредени во времето на набавката во ситен инвентар, или во основни средства, односно во средства за заедничка потрошувачка, во смисла на оваа одлука, не можат повторно да се распоредуваат.

4. Корисникот на општествени средства е должен во своето книговодство одделно да ги искажува предметите на ситниот инвентар што служат за деловни намени, а одделно предметите на инвентарот што служат за заедничка потрошувачка на работниците.

5. Вредноста на предметите што сочинуваат ситен инвентар се надоместува на начинот определен со самоуправен општ акт на корисникот на општествени средства, со тоа што надоместот на вредноста да се изврши во векот на траењето на предметите што сочинуваат ситен инвентар, а за предметите на ситниот инвентар чијшто век на траење е над 8 години, рокот на надоместот на вредноста не може да биде подолг од осум години, сметајќи од годината кога прибавувањето на предметите е извршено.

6. Оваа одлука влегуваа во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е.п. бр. 279
29 јули 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с.р.

559.

Врз основа на член 179 став 3 од Законот за општонародна одбрана („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/82), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАБРАНЕТИ ЗОНИ

1. Се определуваат следните забранети зони за движење, престој и настанување на странски државјани, и тоа:

1) во Социјалистичка Република Босна и Херцеговина:

– подрачјето на Горни Бирч и на планината Јавор исклучувајќи ја Власеница, селото Ѓиле и селото Брложник, а вклучувајќи ги Хан Пијесак и Велико Игриште (тригонометриска точка 1405). Дозволено е минување без задржување по патот Власеница – Хан Пијесак – Соколац, а во населените места дозволено е и задржување;

– подрачјето на планината Мањача, исклучувајќи ги Стари Бронзани Мајдан, селото Бистрица, Бања Лука, десниот раб од патот Бања Лука – Јајце до селото Дабрац и селата Шеховци, Стражице и Камичак. Дозволено е минување без задржување по патот Бања Лука – Чаѓавица, а во населени места дозволено е и задржување;

– подрачјето на планината Клековача вклучувајќи го Оштрељ (тригонометриска точка 1388), исклучувајќи ги селата Срнетица и Потоци, влучувајќи го Тисов врх – Самар (тригонометриска точка 1707), исклучувајќи го селото Црљивица. Дозволено е минување и движење во ловечката зона Лом – Клековача во придружба на органите на ловиштето. Дозволено е и минување без задржување по па-

тот Босански Петровац – Дрвар, а во населените места дозволено е и задржување;

– подрачјето на планината Камешница од границата со СР Хрватска, исклучувајќи ги селата Чаиќ и Пролог и Бушко Језеро, до границата со СР Хрватска. Дозволено е минување без задржување по патот Ливно – Обровац, а во населените места дозволено е и задржување;

– подрачјето на источните падини на планината Плешевица, од границата со СР Хрватска, исклучувајќи ги селата Изачиќ Град, Шумари, Муслиќи и Завалье, а вклучувајќи ги Дебели Врх и Троврх (тригомометриска точка 1620), до границата со СР Хрватска.

2) во Социјалистичка Република Македонија:

– подрачјето на планината Скопска Црна Гора, вклучувајќи ги селата Малина Мала, Гошинце, Никуштак, Мојанце, Раштак и Кучевиште и Кара Ч. (тригонометриска точка 1523);

– подрачјето на планината Серта, вклучувајќи ги селата Хаџи Хамзали, Ерен (тригонометриска точка 573), селата Хаџи Рецепли, Чардак, Кршник (тригонометриска точка 221), селата Цидимирци и Мушанци и Тумбу (тригонометриска точка 348);

– подрачјето на планината Стогово вклучувајќи го селото Могорче (тригонометриски точки 2014, 2088 и 2075) селата Збажди, Присовјани и Глобочица, десниот брег на реката Црни Дрим и селото Папрадник, а исклучувајќи го селото Мелничани.

3) во Социјалистичка Република Словенија:

– подрачјето на планината Кочевски рог, исклучувајќи ја котата 703, котата 783, Травник, котата 926, селото Копривник, котата 658, котата 781, а вклучувајќи го тригонометрот 636, исклучувајќи ја котата 583, и тригонометрот 770, а вклучувајќи го тригонометрот 965 и тригонометрот 931;

– подрачјето на Крим вклучувајќи ги Шпил (кота 525) и Среботник (тригонометриска точка 603), исклучувајќи го Јеленце (тригонометриска точка 833), вклучувајќи го Травник (кота 728), исклучувајќи го селото Ишки Винтгар, вклучувајќи го Врхич (тригонометриска точка 657), исклучувајќи го селото Желимље, Крушица, (тригонометриска точка 704), Грич (тригонометриска точка 1033), Закоткар (тригонометриска точка 777), котата 742 и селото Горња Брезовица;

– подрачјето Хом, исклучувајќи го селото Загозд, вклучувајќи го селото Лошка Гора, исклучувајќи го селото Шентјанж, вклучувајќи го Аплик и исклучувајќи ги селата Сентруперт и Залока;

– подрачјето на планината Пивка, вклучувајќи ја Баба (тригонометриска точка 1086), а исклучувајќи го Врх Корена, Дедна Гора (тригонометриска точка 1293), Машун, селата Коритнице, Бач, Пивка, Жеје и Стара Вас.

4) во Социјалистичка Република Србија:

а) на територијата на Социјалистичка Република Србија надвор од територијата на социјалистичките автономни покраини;

– подрачјето на Хомоље што ги опфаќа Хомолските планини, вклучувајќи го Штубељ (тригонометриска точка 940), Мали Крш (тригонометриска точка 745), Велики Крш (тригонометриска точка 1148) и Бељаница (тригонометриска точка 1339). Дозволено е поминување без задржување по патиштата: Петровац на Млава – Жагубица – Бор и Мајданпек – село Горјане – Бор, а во населените места дозволено е и задржување;

– подрачјето на планината Цер, исклучувајќи ги селата Липолист, Текериш и Лешница. Дозволено е минување без задржување по патот Шабац – Завлака, а во населените места дозволено е и задржување;

– подрачјето на планината Тупижница, вклучувајќи ги селата Врбовац, Горња Бела Река, Кожељ и Бучје;

– подрачјето на Јастребац, што ги опфаќа јужните падини на планината Јастребац, вклучувајќи ги селата Горње Јошанице, Поглед (тригонометриска точка 1482), тригонометриската точка 850, селото Нова Божурна, исклучувајќи ги Прокупле и Умац (тригонометриска точка 470), а вклучувајќи го селото Мала Плана. Дозволено е минување без задржување по патот Прокупле – село Циголь – Рибарска Бања, а во селото Циголь дозволено е и задржување;

– подрачјето на Пониква, вклучувајќи ги Калуѓерске Баре и селата Заглавак и Стапари. Дозволено е минување без задржување по патот Титово Ужице – Мокра Гора – Вишеград, по патот Титово Ужице – Баина Башта преку Кадињача, односно преку селата Заглавак – Злодела – Пилица и по патот Баина Башта – Кремна – Вишеград, а во населените места и на Кадињача дозволено е и задржување;

– подрачјето на планината Гиљева, Тријебине, и Тисовац (тригонометриска точка 1444) и селата Долице, Баре и Крајиновиќе;

– подрачјето на Стари Колашин, вклучувајќи ги селата Мекаје, Баре и Клековац, исклучувајќи го селото Рибариќе а вклучувајќи ги селата Годово, Долово и Шароње. Дозволено е минување без задржување по патиштата Нови Пазар – село Рибариќе и Нови Пазар – Тутин – Рожаје, а во населените места дозволено е и задржување.

б) на територијата на Социјалистичка Авотномна Покраина Косово: подрачјето Голеш, вклучувајќи ја Чича Глава (тригонометриска точка 762), селото Слатина, котата 534, спротиводно десниот брег на реката Ситница до тригонометриската точка 560, Кд. Зез (тригонометриска точка 856), и селото Коморане. Дозволено е минување без задржување по патиштата: Слатина – Коморане – Русиновце и Слатина – аеродром „Приштина", а во населените места дозволеное и задржување;

5) во Социјалистичка Република Хрватска:

– подрачјето на планината Велика Капела и планината Мала Капела, вклучувајќи го селото Десмерице, а исклучувајќи ги селата Доњи Модруш и Куниќ Село, Високи Врх (тригонометриска точка 1124), селата Сертиќи, Језеране и Зрниќи и Грбин Врх (тригонометриска точка 903). Дозволено е минување без задржување по патот Јосипдол – Модруш – Развала – Језеране, а во населените места дозволено е и задржување;

– подрачјето кај Слуњ опфатено со Хум (тригонометриска точка 861), Мрзло Поле, со селото Мочила и со Брдаров Врх;

– подрачјето на планината Плешевица од границата со СР Босна и Херцеговина, вклучувајќи го Целопек (тригонометриска точка 526), Хрњаков Врх (тригонометриска точка 539), Мали Палеж, Оштри Михаљевац (тригонометриска точка 1048), Тупи Михаљовац (тригонометриска точка 966), Тичево (тригонометрска точка 1046), Троврх (тригонометриска точка 1620), до границата со СР Босна и Херцеговина. Дозволено е минување без задржување по патиштата: село Ваганац – Личко Петрово Село – село Муслиќи и Личко Петрово Село – Пријебој, а во населените места дозволено е и задржување;

– подрачјето Мазин, вклучувајќи го селото Висуќ, Кук (кота 1142), селата Ораовац и Брезовац, Јелови Тавани, селото Сучевиќи, Велики Урљај (тригонометриска точка 1295) и Кремен (тригонометриска точка 1591). Дозволено е минување без задржување по патиштата Горњи Лапац – Мазин – Брувно и Срб – селото Сучевиќ, а во населените места дозволено е и задржување;

– подрачјето на планината Камешница, од границата со СР Босна и Херцеговина, вклучувајќи го селото Кнежице, а исклучувајќи го Кулиќа Умац (тригонометриска кота 482) и селата Оток, Граб, Велиќ и Каменско, до границата со СР Босна и Херцеговина;

– подрачјето Папук, што ги опфаќа западните падини на планината Папук, вклучувајќи ги селата Кореничани, Кузма, Сажије и Барица.

6) во Социјалистичка Република Црна Гора:

– подрачјето Озриниќи, вклучувајќи ја Жировница (тригонометриска точка 842 и тригонометриска точка 906), и Падеж, а исклучувајќи ги селата Бршно и Кличево;

– подрачјето Пантелијев Врх, вклучувајќи ги селата Брајовиќко Гостиље и Добри До, Радовче и селото Копиље. Дозволено е минување без задржување по патот Спуж – Копиље – Прекорница, а во населените места дозволено е и задржување;

– подрачјето Јасеново Поле северно од Никшиќ, вклучувајќи го Јелови Врх (тригонометриска точка 1082), Бакиљ, селото Прага и Цератов Бријег;

– подрачјето Мавријан кај Улцињ, вклучувајќи ја тригонометриската точка 272, котата 309 и тригонометриската точка 398.

2. Како странски државјани во смисла на оваа одлука се сметаат и лицата без државјанство.

3. На странските државјани надлежниот орган може по исклучок да им одобри постојано настанување, привремен престој или минување низ забранетата зона, под следните услови:

– да се иселеници и југословенски граѓани со странски патни исправи кои се враќаат во Социјалистичка Федеративна Република Југославија и, по правило, да се по потекло од тоа подрачје или на тоа подрачје да им живеат блиски роднини (настанување);

– да е брачен другар на југословенски државјанин;

– да е во прашање посета на блиска роднина што постојано живее во забранетата зона (привремен престој);

– заради вршење на научно-истражувачки работи во соработка со југословенските органи и организации на здружен труд и со други југословенски организации, како и заради вршење на други работи за потребите на југословенските органи и организации;

– заради вработување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

– за време на кратка пригодна посета на одделни историски места, и културни споменици и во пригодни манифестации, што се организираат во рамките на културна соработка, на соработка на општествено-политички и општествени организации и други облици на соработка со странство;

– кога е организирана посета на обележја и споменици на народноослободителната борба во придружба на туристички водичи, но без оддалечување од обележјата и спомениците и без задржување по патот.

4. Одобрението од точка 3 на оваа одлука го издава органот на општествено-политичката заедница надлежен за одобрување на привремен престој, на чија територија се наоѓа забранетата зона. Одобрението се издава во согласност со надлежниот орган за народна одбрана.

5. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на забранетите зони („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/78).

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е.п. бр. 288
18 јули 1985 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Мијат Шуковиќ**, с. р.

560.

Врз основа на член 116 став 1 и член 129 став 1 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77, 61/82, 77/82, 34/83, 70/83 и 71/84), член 22 став 2 точка 2 на член 24 став 2 и на член 57 став 2 од Законот за вршење на стопански дејности во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77, 17/78 и 5/82) и на член 66 став 1 точка 18 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81 и 26/84), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ДА ДРЖАТ ДЕВИЗИ ВО СТРАНСТВО ОДНОСНО РАБОТЕЊЕТО ДА ГО ВРШАТ ПРЕКУ КОНТОКОРЕНТНА СМЕТКА

1. Народната банка на републиката, односно народната банка на автономната покраина може да даде одобрение:

а) на определена организација на здружен труд, регистрирана за вршење на надворешнотрговски промет – да држи девизи на сметка во странство;

б) на организација на здружен труд која врши услуги во меѓународниот стоковен и патнички промет и на заедница за осигурување, односно заедница за реосигурување – со странски партнер да може да договори плаќање и наплатување на услуги преку контокорентна сметка.

Одобрението од став 1 на оваа точка се издава врз основа на барање од организацијата на здружен труд, најдолго за една година, а под условите утврдени со оваа одлука.

Ако организацијата на здружен труд има потреба да држи девизи во странство или плаќање и наплатување на услугите со странски партнер да врши преку контокорентна сметка подолго од една година, должна е пред истекот на утврдениот рок да ѝ поднесе на надлежната народна банка ново барање.

2. Народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина може на организацијата на здружен труд од точка 1 ста 1 под а) на оваа одлука да и даде одобрение да држи девизи на сметка во странство:

1) за изведување на инвестициони работи во странство – до 20% од вредноста на склучената работа, и тоа:

а) за дел од авансот примен од странскиот партнер, ако со договорот за изведување на инвестиционите работи тој дел од авансот е условен со држење девизи на сметка во странство, или за дел на странскиот кредит добиен за финансирање на таа работа, ако со договорот за кредитот тој дел од кредитот е условен со држење на девизи на сметка во странство со доставување на фотокопии на односниот договор кон барањето за издавање одобрение;

б) за потребите на снабдувањето и одржувањето на погони, градилишта и други работни единици и обезбедување на сместување и исхрана на работниците, за трошоците во врска со редовното текушто одржување на простории (канцеларии, мензи, спални и др.) – во височина на едномесечните просечни трошоци за тие намени, а според претсметката која се поднесува кон барањето за издавање одобрение;

2) за вредноста на инвестиционите работи со наплата во локална валута (која не може да се трансферира) за која е добиено одобрение на надлежната народна банка за наплата на дел од побарувањата во друга валута а не во онаа што е пропишана, со тоа што кон барањето се приложува односното одобрение;

3) за девизите што потекнуваат од добивката остварена во сопственото претпријатие во странство, девизите што им припаѓаат на организациите на здружен труд по основ на распределбата на добивката во мешовито претпријате и девизите што потекнуваат од добивките остварени од заедничкото работење со странско претпријатие – до нивната употреба согласно со добиеното одобрение од надлежниот орган за користење во странство во смисла на чл. 24 и 57 од Законот за вршење на стопански дејности во странство;

4) за давање кауција или полагање депозит за добро, квалитетно и навремено извршување на определени работи, а ако странскиот содоговарач тоа го условува, со поднесување на докази, и тоа: фотокопија на договорот или барањето на странскиот содоговарач, односно на условите од распишаното наддавање или фотокопија на прописот на странската земја кој предвидува обврска за давање кауција или полагање депозит за добро извршување на определена работа.

Барањето на организацијата на здружен труд треба да содржи: основ, износ и вид на девизите за кои се бара одобрение, како и називот на земјата и банката кај која се држат девизите, кои податоци надлежната народна банка посебно ги внесува во одобрението. Кон барањето покрај писменото образложение се приложува и соодветна документација пропишана во оваа точка.

3. Организациите на здружен труд од точка 1 став 1 под а) на оваа одлука се должни на надлежната народна банка да ѝ доставуваат тримесечни податоци за прометот и состојбата на сметката во странство по основите од точка 2 на оваа одлука, вклучувајќи го салдото на крајот на месецот, во оригинална валута, и тоа до 15-ти во наредниот месец за претходното тримесечје, наведувајќи го називот на земјата и банката кај која се држат девизите.

4. Народната банка на републиакта, односно народната банка на автономната покраина може на организацијата на здружен труд од точка 1 став 1 под б) на оваа одлука, да ѝ даде одобрение, со странскиот партнер да врши плаќање и наплатување на услугите преку контокорентна сметка.

Долговното, односно побарувачното салдо на контокорентната сметка во текот и на крајот на календарската година може да изнесува најмногу до 20% од вредноста на фактурираните услуги во претходната година.

Организацијата на здружен труд од став 1 на оваа точка во барањето ги наведува: видот на услугите, износот и ознаката на валутата, земјата на странскиот партнер, вредноста на фактурираните услуги во претходната година и го приложува договорот со странскиот партнер со кој е предвидено плаќање и наплатување на услугите да се врши преку контокорентна сметка.

По престанувањето на договорот за контокорентниот однос, долговното односно побарувачното салдо мора да се намири со извршување на услуги во рок од 60 дена од денот на престанувањето на тој договор, а по исклучок со плаќање односно со наплата во конвертибилни девизи во рок од 30 дена од денот на престанувањето на тој договор.

5. Организациите на здружен труд што вршат услуги на превоз во железничкиот и воздушниот сообраќај и организациите на здружен труд кои вршат поштенски, телеграфски и телефонски услуги, врз основа на меѓународни конвенции и договори што се ратификувани, плаќаат и наплатуваат услуги преку контокорентна сметка согласно со тие конвенции, односно договори.

6. Организациите на зружен труд од точка 1 став 1 под б) на оваа одлука, се должни на надлежната народна банка што го издала одобрението, до 15–ти во наредниот месец за претходното тримесечје да и поднесат тримесечна пресметка за извршените наплати и плаќања преку контокорентна сметка со странскиот партнер, вклучувајќи го и салдото на почетокот и крајот на месецот, врз основа на книговодствените податоци за таа сметка. Наведените податоци да се дадат по видот на услугите во соодветната валута, со ознака на земјата за секоја контокорентна сметка посебно во рамките на својата дејност.

Организациите на здружен труд од точка 5 на оваа одлука се должни на надлежната народна банка да ѝ поднесат тримесечни пресметки на начинот и во рокот пропишан од став 1 на оваа точка.

Копиите на пресметката, организацијата на здружен труд е должна да ги држи средено во своето книговодство за потребите на контролата.

Доколку оргнизациите на здружен труд од точка 1 под а) и б) и точка 5 на оваа одлука не ѝ ги поднесат на надлежната народна банка пропишаните податоци, односно пресметките во наведениот рок, надлежната народна банка ќе го извести Сојузниот девизен инспекторат заради приземање на контролни и други мерки спрема овие организации на здружен труд.

7. Народната банка на републиката, односно народната банка на автономната покраина може, во смисла на член 22 став 2 точка 2 од Законот за вршење на стопански дејности во странство, да ѝ даде одобрение на организацијата на здружен труд акциите на вложени средства во акционерско друштво во странство да ги држи кај странската банка:

1) ако прописите на странската земја условуваат држење на акции во странство, за кое е должна да поднесе потврда од Стопанската комора на Југославија или од конзуларното претставништво на Социјалистичката Федеративна Република Југославија во односната странска земја;

2) ако со статутот на акционерското друштво е предвидена обврска за држење акции во странство за кое организацијата на здружен труд е должна да поднесе извод од статутот на тоа друштво.

Пред прибавувањето на одобрението од став 1 на оваа точка, организацијата на здружен труд не може да купува акции.

8. Организацијата на здружен труд е должна да држи девизи на сметка во странство кај странска банка на првокласниот кореспондент на банката овластена за работи со странство, за кое кон барањето се приложува доказ за тоа.

По ѝсклучок на одредбата од став 1 на оваа точка организацијата на здружен труд може да држи девизи на сметка и кај други странски банки и тоа по основ од точка 2 под 1) под а) на оваа одлука, ако со договорот со странскиот партнер е условено држење на девизи кај определена банка, како и за нетрансферабилна (локална) валута, доколку кон барањето се приложи позитивно мислење од домашна овластена банка за бонитетот на таа странска банка.

9. Народната банка на републиката, односно народната банка на автономната покраина ѝ доставува на Народната банка на Југославија збирен тримесечен извештај врз основа на примените податоци од организациите на здружен труд согласно со точ. 3 и 6 на оваа одлука во рок од 40 дена од денот на истекот на периодот за кој се поднесува извештај.

Податоците во извештајот се искажуваат во илјади динари по курсот кој, врз основа на член 50 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство, го утврдува Сојузниот извршен совет, кој важи на денот на истекот на периодот за кој се поднесува извештајот (за конвертибилни девизи и пресметковниот долар). При пресметувањето на валутите кои не можат да се трансферираат во динари, се применува курсот од листата што ја утврдува Народната банка на Југославија, а кој важи на денот на истекот на периодот за кој се поднесува извештајот.

10. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за условите за давање одобрение на организациите на здружен труд да држат девизи во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/84).

11. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 67
од 23 август 1985 година

Го заменува
претседателот на Советот на
гувернерите
заменик-гувернер
на Народната банка на
Југославија,
д-р **Слободан Станоевиќ**, с.р.

561.

Врз основа на член 65 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини и на член 13 од Законот за привремено уредување на покритието на курсните разлики кај Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/85), Советот на гувернерите на 273 седница, одржана на 2 септември 1985 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА И ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПОКРИТИЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО УРЕДУВАЊЕ НА ПОКРИТИЕТО НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Со оваа одлука се уредува постапката за остварување на правото на покритие на курсните разлики на организациите на здружен труд и на самоуправните интересни заедници од материјалното производство (во натамошниот текст: организациите) по основ на странски кредити – конвертирани во динари и документацијата што за остварување на правото ја поднесуваат тие организации, во смисла на Законот за привремено уредување на покритието на курсните разлики кај Народната банка на Југославија (во натамошниот текст: Законот).

2. Под организации што имаат право на покритие на курсните разлики се сметаат основните организации на здружен труд – крајни корисници на странски кредит, како и самоуправните интересни заедници од член 3 став 2 на Законот (во натамошниот текст: подносители на барањето).

3. Припаѓачките курсни разлики се пресметуваат според поединечните отплати на главницата и каматата по кредитот и курсот на денот на отплатата во однос на курсот на 31 декември 1982 година, односно на курсот според кој е извршена конверзија или продажба на девизи.

4. На подносителите на барањето што извршиле конверзија на странскиот финансиски кредит до 31 декември 1982 година, односно кои според користените стоковни кредити извршиле продажба на конвертибилни девизи остварени со реекспорт до 31 декември 1982 година, припаѓачките курсни разлики се пресметуваат во однос на курсот на странската валута на 31 декември 1982 година.

5. По кредитите што се конвертирани во 1983 година, односно по продажбите на девизи извршени во 1983 година, припаѓачките курсни разлики се пресметуваат во однос на курсот на денот на конверзијата односно на денот на продажбата на девизите.

Ако во 1983 година конверзија односно продажба на девизи е вршена повеќепати по различни курсеви, пресметка на припаѓачките курсни разлики по поединечни отплати се врши во однос на курсот на првата конверзија односно на првата продажба на девизи до износот што е конвертиран односно продаден. На остатокот на износот од отплатата односно отплатите што го преминуваат износот на првата конверзија односно на првата продажба на девизи, пресметка на курсните разлики се врши во однос на курсот на наредната конверзија односно продажба на девизи.

6. По странските финансиски кредити конвертирани во динари, а кои се рефинансирани, пресметка на курсните разлики по одделни отплати на кредитот за рефинансирање се врши според курсот на денот на отплатата во однос на курсевите на поединечните конверзии на првобитниот кредит чиј износ е вклучен во рефинансираната состојба на долгот, а по постапката од точка 4 односно точка 5 на оваа одлука.

7. Ако отплатата е извршена во друга валута а не во валутата што е конвертирана во динари, односно во валутата што е продадена, пресметката на курсните разлики се врши според важечкиот курс на валутата во која отплатата е извршена на денот на отплатата во однос на курсот на истата валута од денот на конверзијата односно продажбата на девизи.

8. Организациите што имаат право на покритие на курсните разлики, поднесуваат барање на обрасците што ги утврдила Народната банка на Југославија а кои претставуваат составен дел на оваа одлука, и тоа:

– по странски финансиски кредити, конвертирани во динари, на образецот НБЈ-КР-1,

– по стоковни кредити по кои е извршена продажба на конвертибилни девизи остварени со реекспорт, на образецот НБЈ-КР-2,

– по странски кредити, по кои динарската противвредност е користена за отстранување на последици од земјотрес, на образецот НБЈ-КР-3.

Барањата од став 1 на оваа точка се поднесуваат по извршените отплати на главницата, односно на каматите посебно за секој кредит. Врз основа на поединечните барања, организацијата е должна да сочини рекапитулација на курсните разлики посебно за 1983 година а посебно за 1984 година, односно за пресметковниот период во кој се поднесува барањето.

9. Кон барањето од точка 8 на оваа одлука, сите организации што имаат право на покритие на курсните разлики, поднесуваат доказ за:

1) извршената конверзија односно продажба на девизи,

2) користењето на динарската противвредност за инвестициони вложувања, освен организациите од член 6 на Законот, и

3) извршените отплати на главницата и каматите по кредитот.

Извршената конверзија односно продажба на девизи се докажува со заклучница, со договор за продажба или со други документи од кои може основано да се утврди дека е извршена конверзија или продажба на девизи, во смисла на Законот.

Користењето на динарската противвредност за инвестициони вложувања се докажува со потврда од надлежното седиште на Службата на општественото книговодство.

Извршените отплати на кредитот се докажуваат со копија на налогот на овластената банка со кој е извршено плаќање на странскиот кредитор по основ на отплатата на главницата и каматите.

Покрај доказите од ст. 2, 3 и 4 на оваа точка, организациите поднесуваат изјава дека не добиле средства за покритие на курсните разлики по основ на други сојузни прописи, што ја потпишале овластените лица.

10. Покрај документите од точка 9 на оваа одлука, организациите со исклучок на организациите од член 4 став 8 на Законот, поднесуваат и потврда од надлежното седиште на Службата на општественото книговодство од која се гледа:

1) дека над организацијата не е спроведена постапка на ликвидација или стечај односно дека таква постапка не е во тек,

2) дека организацијата се придржува кон самоуправно-договорените и утврдените односи во распределбата на чистиот доход.

Организациите, со исклучок на организациите од член 6 на Законот, поднесуваат потврда од надлежното седиште на Службата на општественото книговодство за податоците од член 4 на Законот, врз основа на кои се утврдува степенот на оптовареноста на средствата за репродукција со курсните разлики, и тоа посебно за 1983 година, а посебно за 1984 година, односно за пресметковниот период во кои имале отплати по основ на кои остваруваат право на покритие на курсните разлики.

11. Организациите од член 4 став 8 на Законот се должни да поднесат и потврда од надлежното седиште на Службата на општественото книговодство дека во време на отплатите на кредитите по кои поднесуваат барање имале третман на организации во основање.

12. Организациите од член 6 на Законот, кон барањето поднесуваат документ од надлежниот орган на општествено-политичката заедница за утврдената штета и доказ (потврда на надлежното седиште на Службата на општественото книговодство) дека динарската противвредност на конвертираниот странски кредит односно продадените конвертибилни девизи е користена за отстранување на последиците од земјотресот.

13. Барањата од точка 8 на оваа одлука ќе се поднесуваат на Народната банка на Југославија преку надлежната народна банка на републиката односно народната банка на автономната покраина, во два примерока.

